# Д О Г О В О Р

за отварање на сметка

склучен помеѓу
1. Народна банка на Република Македонија, застапувана од Гувернерот Димитар Богов
и
2.________________________________________________________________
____________ (во понатамошниот текст: Учесник), застапуван од ______________________.

Член 1

Со овој Договор се уредуваат условите под кои Народна банка на Република Македонија му ја отвара сметката со број: ________________ на Учесникот.

Член 2

Народна банка на Република Македонија се обврзува со отварање на сметка од член 1 на овој договор:

- да прима пополнети платни инструменти во согласност со "Упатството за формата и содржината на платните инструменти за вршење на платен промет во земјата" или "Правилата за работа на Македонскиот Интербанкарски Платен Систем на Народна банка на Република Македонија";
- да проверува дали платните инструменти се потпишани од овластено лице на Учесникот, согласно со "Пријавата за овластени лица за располагање со средствата на сметката со потпис и печат со кои ќе се заверуваат инструментите на платниот промет" или клучевите за електронски потписи, депонирани во Народна банка на Република Македонија;
- да ги извршува платните инструкции до висината на покритието на средства на сметката на Учесникот;
- да доставува извод за состојбата и промените на сметката, најдоцна наредниот ден од денот на валутата.

Член 3

За работа со сметката од член 1 на овој договор Учесникот се обврзува:
- правилно да ги пополни и завери инструментите за плаќање;
- евентуалните рекламации за извршените трансакции да ги достави во рок од 3 дена, од денот на валутата;
- писмено да ја извести Народна банка на Република Македонија за промените настанати во документацијата од Барањето за отварање на сметка, во рок од 7 дена од настанатата промена, при што треба да приложи соодветна документација.

Член 4

Учесникот е согласен Народна банка на Република Македонија:
- да ја задолжи сметката на Учесникот за исправка на грешка;
- да ја задолжи сметката на Учесникот согласно со законите и другите прописи;
- да наплатува провизија согласно Одлуката за тарифите на Народна банка на Република Македонија, со дирекно задолжување на сметката;
- да ја блокира сметката на Учесникот врз основа на закони и други прописи.

Член 5

Учесникот располага со средствата на сметката од член 1 и тој е одговорен за плаќањата на товар на таа сметка, како и ефектите од нив.

Член 6

Учесникот е согласен Народна банка на Република Македонија да ја укине неговата сметка согласно член 10 од Законот за платен промет.

Член 7

Договорните страни се обврзуваат настанатите неусогласености да ги решаваат договорно. Во случај на спор надлежен е судот во Скопје.

Член 8

Овој договор се склучува на неопределено време, а неговата важност престанува доколку Учесникот не се придржува на одредбите од овој договор или на барање на договорните странки.

Член 9

Овој договор е составен во 4 примероци, од кои по два за секоја договорна странка.

| | |
|---|---|
| ___________________________ | ___________________________ |
| (потпис и печат на Учесникот) | (потпис и печат на Народна банка на Република Македонија) |